СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 131 Год. LXIII Понеделник, 29 октомври 2007 Цена на овој број е 150 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
1740.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права.....	1
1741.	**Указ** за поставување на вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Сувереиот Воен Ред на Малта.....	4
1742.	**Одлука** за помилување на осудени лица.....	4
1743.	**Правилник** за Методологијата за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната.....	5
1744.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност.....	5
1745.	**Заклучок** од Комисијата за хартии од вредност.....	6
1746.	**Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата.....	6
1747.	**Решение** за стекнување на својство на квалификуван потрошувач на електрична енергија.....	7
	Огласен дел.....	1-56

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1740.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 октомври 2007 година.

Бр. 07-4480/1
22 октомври 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Љубиша Георгиевски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Во Законот за авторското право и сродните права (“Службен весник на Република Македонија" број 47/96, 3/98, 98/2002 и 4/2005), во членот 141 ставот 1 се менува и гласи:

"Колективно остварување вршат здруженија на автори, односно здруженија на носители на сродни права основани за таа цел, како здруженија на граѓани во согласност со Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, односно стопански интересни заедници во согласност со Законот за трговските друштва (во натамошниот текст: здруженија).“

Член 2

Во членот 155 ставот 1 се менува и гласи:

„Управен надзор над здруженијата за колективно остварување на авторското право и на сродните права врши Министерството за култура."

Во ставот 2 зборовите: „може да спроведе инспекциски надзор" се бришат.

Во ставот 4 зборовите: „два месеци“ се заменуваат со зборовите: „30 дена“.

Член 3

Во членот 162 ставот 4 се менува и гласи:

„За постапката по привремени мерки се применуваат одредбите на законот со кои се уредуваат мерките за обезбедување, односно привремените мерки, доколку со овој закон поинаку не е определено."

Член 4

По членот 163 се додава нов член 163-а, кој гласи:

„Член 163-а

Правото на заштита на правата од овој закон не застарува, освен доколку со овој закон поинаку не е определено.

Барањата од овој закон што по својата природа се од облигационо-правен карактер, а за кои со овој закон не е определен посебен рок на застареност, застаруваат според општите правила за застареност на побарувањата."

Член 5

Во Одделот 4 насловот „Казнени одредби" се менува и гласи „Прекршочни одредби".

Член 6

Во членот 168 став 1 воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое:".

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- без одобрение на издавачот и без плаќање на надоместок на издавачот фотокопира за приватно или друго сопствено користење негово пишано дело (член 131);".

Алинеите 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат алинеи 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице, на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, за прекршокот од ставот 1 на овој член."

Ставот 3 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за прекршокот од ставот 1 на овој член."

Ставот 4 се менува и гласи:

„За прекршок од ставот 1 на овој член сторен од користољубие или за прекршок со кој е предизвикана поголема имотна штета, на правното лице од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба од 10.000 евра во денарска противвредност, а на физичкото лице од ставовите 2 и 3 на овој член ќе му се изрече глоба до 6.000 евра во денарска противвредност."

Ставот 5 се менува и гласи:

„За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице, односно на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, му се изрекува дополнителна санкција забрана на вршење на дејност во траење од најмногу пет години, сметано од денот на правосилноста на одлуката.“

Ставот 6 се менува и гласи:

„За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице, на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија и на физичкото лице привремено ќе му се одземат примероците на авторското дело од алинејата 1, примероците од компјутерската програма од алинејата 6, снимките на изведбата, односно сценското дело, како и фонограмите и видеограмите од алинејата 7, снимките на програмите од алинејата 9 и средствата од алинеите 15 и 18 на овој член, како и другите средства што биле користени или наменети за извршување на прекршокот од овој член.“

Ставот 7 се менува и гласи:

„Запленетите предмети, како и другите средства што биле користени или наменети за извршување на прекршокот од овој член, државниот пазарен инспектор (во натамошниот текст: инспекторот) е должен веднаш да ги предаде на надлежниот суд, односно да го извести за извршеното привремено одземање на предметите и да се погрижи за нивно чување до поведување на прекршочната постапка."

По ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„Привремено одземените предмети настанати со прекршокот од овој член, по правосилноста на судската одлука, се уништуваат."

Член 7

Членот 169 се менува и гласи:

„За прекршоците од членот 168 на овој закон не може да се поведе постапка ниту таа да се води доколку поминат пет години од денот кога е сторен прекршокот, а изречената санкција заради стореният прекршок не може да се изврши по истекот на две години од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот."

Член 8

Членот 170 се менува и гласи:

"Инспекцискиот надзор на спроведување на одредбите од овој закон по однос на дистрибуцијата и јавното соопштување на авторското право и сродните права, односно на авторските дела и предметите на сродни права, го врши Државниот пазарен инспекторат.

Кога инспекторот при вршењето на надзорот основано се посомнева дека е сторен прекршок, како привремена мерка ги одзема производите, односно примероците на авторските дела или примероците на предметите на сродните права што биле користени или наменети за извршување на прекршокот, како и опремата, средствата и документите во врска со нив, за што е должен да издаде потврда со точен опис и количина на одземените предмети.

Инспекторот од ставот 2 на овој член е должен најдоцна во рок од 15 дена од денот на одземањето на предметите, како и другите средства што биле користени или наменети за извршување на прекршокот од овој член да поднесе барање за поведување прекршочна постапка, во спротивно е должен предметите да ги врати на лицето од кое се одземени.

Во барањето за поведување на прекршочна постапка, инспекторот е должен да ја наведе и преземената мерка од ставот 2 на овој член.

Ако инспекторот утврди дека со стореният прекршок е остварена незаконска противправна имотна добивка е должен во барањето за покренување на прекршочната постапка да ја наведе висината на таа добивка и да бара да се одземе од сторителот.

Инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите на овој закон по однос на производството, репродукцијата, ускладиштувањето, објавувањето и снимањето на компјутерските програми, музички и аудиовизуелни дела на носачи на тон и на тон и слика, во согласност со закон, врши Министерството за внатрешни работи."

Член 9

Членот 170-а се брише.

Преодни и завршни одредби

Член 10

По членот 184-ѓ се додаваат два нови члена 184-е и 184-ж, кои гласат:

"Член 184-е

Постапките на инспекциски надзор и прекршочните постапки започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според прописите кои биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 184-ж

Инспекторите, вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства од Министерството за култура - Инспекцијата за авторско право и сродни права преминуваат во Државниот пазарен инспекторат, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TË DREJTËN AUTORIT DHE TË DREJTAT E NGJASHME

Neni 1

Në Ligjin për të drejtën e autorit dhe të drejtat e ngjashme ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 47/96, 3/98, 98/2002 dhe 4/2005) në nenin 141 paragrafi 1 ndryshohet si vijon:

"Realizim kolektiv bëjnë shoqatat e autorëve, respektivisht shoqatat e bartësve të të drejtave të ngjashme të themeluara për këtë qëllim, si edhe shoqatat e qytetarëve në pajtim me Ligjin për shoqatat e qytetarëve dhe fondacionet, respektivisht shoqatat ekonomike të interesit në pajtim me Ligjin për shoqëritë tregtare (në tekstin e mëtejmë: shoqatat).".

Neni 2

Në nenin 155 paragrafin 1 ndryshohet, si vijon:

"Mbikëqyrje administrative ndaj shoqatave për realizimin kolektiv të së drejtës së autorit dhe të të drejtave të ngjashme bën Ministria e Kulturës.".

Në paragrafin 2 fjalët: "mund të zbatojë mbikëqyrje inspektuese" shlyhen.

Në paragrafin 4 fjalët: "dy muaj" zëvendësohen me fjalët "30 ditë".

Neni 3

Në nenin 162 paragrafin 4 ndryshohet, si vijon:

"Për procedurën sipas masave të përkohshme zbatohen dispozitat e ligjit me të cilin rregullohen masat për sigurim, respektivisht masat e përkohshme, nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.".

Neni 4

Pas nenit 163 shtohet neni i ri 163-a si, vijon:

"Neni 163-a

E drejta për mbrojtjen e të drejtave nga ky ligj nuk parashkruhet, përpos nëse me këtë ligj nuk është përcaktuar ndryshe.

Kërkesat e këtij ligji që sipas natyrës së tij është me karakter obligativ-juridik, e për të cilat me këtë ligj nuk është caktuar afat i veçantë i parashkrimit, por parashkruhen sipas të drejtave të përgjithshme për parashkrimin e kërkesave.".

Neni 5

Në Seksionin 4 titulli "Dispozitat ndëshkimore" ndryshon si vijon "Dispozitat për kundërvajtje".

Neni 6

Në nenin 168, paragrafi 1 fjalia hyrëse ndryshon si vijon: "Gjobë në shumë prej 2500 deri në 5000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit juridik i cili:".

Pas alinesë 7 shtohet alineja e re 8 si, vijon:

"- pa pëlqimin e botuesit dhe pa pagesën e kompensimit botuesit fotokopjon për shfrytëzim privat ose për shfrytëzim tjetër personal veprën e tij të shkruar (neni 131);".

Alinetë 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 dhe 17 bëhen aline9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 dhe 18.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 1000 deri në 3000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje edhe personit përgjegjës te personi juridik, tregtarit individ dhe individit i cili kryen veprimtari të ose profesion të pavarur, për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni.".

Paragrafi 3 ndryshohet, si vijon:

"Gjobë në shumë prej 1500 deri në 3000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik për kundërvajtjen nga paragrafi 1 të këtij neni.".

Paragrafi 4 ndryshohet si vijon:

"Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni të bërë nga interesi ose për kundërvajtje me të cilën është shkaktuar dëmi më i madh pronësor, personit juridik nga paragrafi 1 i këtij neni do t'i shqiptohet gjobë prej 10 000 euro me kundërvlerë në denarë, ndërsa personit fizik nga paragrafët 2 dhe 3 të këtij neni do t'i shqiptohet gjobë prej 6000 euro me kundërvlerë në denarë.".

Paragrafi 5 ndryshohet si vijon:

"Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni, personit juridik, respektivisht individit apo tregtarit individ i cili kryen veprimtari ose profesion të pavarur, i shqiptohet sanksion plotësues - ndalim për kryerjen e veprimtarisë në kohëzgjatje më së shumti prej pesë vjetësh, paraparët llogaritur prej ditës së plotfuqishmërisë së vendimit.".

Paragrafi 6 ndryshohet, si vijon:

"Për kundërvajtjen nga paragrafi 1 i këtij neni, personit juridik, tregtarit individ dhe individit i cili kryen veprimtari ose profesion të pavarur dhe personit fizik përkohësisht do t'i merren ekzemplarët e veprës së autorit nga alineja 1, ekzemplarët nga programi kompjuterik nga alineja 6, incizimet e pjesës, respektivisht të veprës skenike, si dhe

fonogramet dhe videogramet nga alineja 7, incizimet e programeve nga alineja 9, mjetet nga alinetë 15 dhe 18 të këtij neni, si dhe mjetet tjera të cilat janë qenë shfrytëzuar ose janë dedikuar për kryerjen e kundërvajtjes nga ky nen."

Paragrafi 7 ndryshohet, si vijon:

"Sendet e sekuestruara, si dhe mjetet e tjera të cilat janë shfrytëzuar ose janë dedikuar për kryerjen e kundërvajtjes nga ky nen, inspektori shtetëror i tregut (në tekstin e mëtejmë: inspektori) është i detyruar që menjëherë t'ia dorëzojë gjyqit kompetent, respektivisht ta informojë për sekuestrimin e përkohshëm të sendeve dhe të kujdeset për ruajtjen e tyre deri në ngritjen e procedurës për kundërvajtje.".

Pas paragrafit 7 shtohet paragraf i ri 8, si vijon:

"Sendet e sekuestruara përkohësisht të shkaktuara me kundërvajtjen nga ky nen, pas plotfuqishmërisë së vendimit gjyqësor zhduken.".

Neni 7

Neni 169 ndryshohet si vijon:

"Për kundërvajtjet nga neni 168 të këtij ligji nuk mund të ngrihet e as të mbahet procedurë nëse nuk kalojnë pesë vjet prej ditës kur është kryer kundërvajtja, kurse sanksioni i shqiptuar për shkak të kundërvajtjes së kryer nuk mund të zbatohet pas kalimit të dy viteve nga dita e plotfuqishmërisë së vendimit për kundërvajtje.".

Neni 8

Neni 170 ndryshohet si vijon:

"Mbikëqyrjen inspektuese mbi zbatimin e dispozitave nga ky ligj në lidhje me distribuimin dhe kumtimin publik të së drejtës së autorit dhe të drejtave të ngjashme, respektivisht të veprave të autorit dhe të së drejtave të ngjashme, e bën Inspektorati shtetëror i tregut.

Atëherë kur inspektori gjatë kryerjes së mbikëqyrjes dyshon me bazë se është bërë kundërvajtje, si masë e përkohshme i sekuestron prodhimet, përkatësisht ekzemplarët e autorit ose ekzemplarët e sendeve të të drejtave të ngjashme cilat janë shfrytëzuar ose janë dedikuar për kryerjen e kundërvajtjes, si dhe pajisjen, mjetet dhe dokumentet në lidhje me to, për çka është i obliguar të japë vërtetim me përshkrimin e saktë dhe sasinë e sendeve të sekuestruara.

Inspektori nga paragrafi 2 të këtij neni është i obliguar që më së voni në afat prej 15 ditësh prej ditës së sekuestrimit të sendeve dhe mjeteve të tjera të cilat janë shfrytëzuar ose janë dedikuar për kryerjen e kundërvajtjes nga ky nen të parashtrojë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje, në të kundërtën është i detyruar që sendet t'ia kthejë personit të cilit i janë sekuestruar.

Në kërkesën për ngritjen e procedurës për kundërvajtje, inspektori është i detyruar ta cekë edhe masën e ndërmarrë nga paragrafi 2 të këtij neni.

Nëse inspektori konfirmon se me kundërvajtjen e bërë është realizuar përfitim i pasurisë kundërligjore është i detyruar që në kërkesën për ngritjen e procedurës për kundërvajtje ta cekë lartësinë e këtij përfitimi dhe të kërkojë të sekuestrohet nga kryerësi.

Mbikëqyrjen inspektuese mbi zbatimin e dispozitave të këtij ligji në lidhje me prodhimin, riprodhimin, magazinimin, shpalljen dhe incizimin e programeve kompjuterike, të veprave muzikore dhe audiovizuele të përçuesve të tonit dhe të tonit dhe fotografisë, në pajtim me ligjin, e bën Ministria e Punëve të Brendshme.".

Neni 9

Neni 170-a shlyhet.

Dispozitat përfundimtare dhe kalimtare

Neni 10

Pas nenit 184-gj shtohen dy nene të reja, 184-e dhe 184-zh, si vijojnë:

"Neni 184-e

Procedurat e mbikëqyrjeve inspektuese dhe procedurat për kundërvajtje të filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të mbarojnë sipas dispozitave të cilat kanë qenë në fuqi deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 184-zh

Inspektorët, të punësuarit, pajisja, inventari dhe punët të tjera, arkivi, dokumentacioni, mjetet për punë dhe mjetet të tjera nga Ministria e Kulturës - Inspeksioni për të drejtën e autorit dhe të drejtat e ngjashme kalojnë në Inspektoratin shtetëror të tregut, në afat prej 30 ditësh prej ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji.".

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1741.

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), донесувам

У К А З
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СУВЕРЕНИОТ ВОЕН РЕД НА МАЛТА

I

Г-дин Љупчо Тозија, се поставува за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Суверениот Воен Ред на Малта, со седиште во Рим.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 5
26 октомври 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

1742.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91 и 91/2001), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободуваат од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осудените лица:

1. Петар Божидар Христовски, од Битола.
2. Александар Иван Арсов, од Скопје.

3. Боре Димитар Ѓеоргиев, од Штип.
4. Слободан Лазар Кирициевски, од Скопје.
5. Сашо Ѓорѓи Давитков, од Скопје.
6. Марјанчо Јован Илиевски, од Велес.
7. Александар Зоран Верушевски, од Скопје.

II

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 1 година на осудените лица:

1. Лазар Петар Настевски од Берово, во траење од 2 месеци.

2. Муслија Невзат Сулејмани од Тетово, во траење од 3 месеци.

III

Извршувањето на казната затвор им се замени со условна осуда за време од 2 години на осудените лица:

1. Столе Ванчо Трпевски од Кочани, во траење од 3 месеци.

2. Никола Лазар Јанев од с. Тркање, во траење од 6 месеци.

IV

Делумно се ослободи од извршување на неиздржаниот дел од казната затвор осуденото лице:

1. Даниел Љупчо Зеленикоски од с. Петровец, во траење од 6 месеци.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-851 Претседател
26 октомври 2007 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

1743.

Врз основа на член 8-а став 2 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2002 и 84/2007), министерот за здравство донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА

Член 1

Со овој правилник се утврдува Методологијата за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната по однос на начинот и постапката за утврдување на составот, висината на нутритивните состојки, контаминентите и адитивите во храната (во натамошниот текст: Методологија).

Член 2

Методологијата опфаќа:

- утврдување на составот, висината на нутритивните состојки, нивото на контаминентите и адитивите во храната која е ставена во промет,

- споредба на добиените резултати со меѓународно признати научни достигнувања,

- проверка на максимално дозволените количини пропишани за поедини видови на храна,

- собирање и евалуација на податоците и проценка на ризикот согласно член 2-а од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Член 3

За спроведување на мониторингот согласно член 2 на овој правилник се земаат репрезентативни мостри од храната која е ставена во промет.

Доставените репрезенативни мостри во лабораториите се заведуваат под единствена шифра.

Член 4

Методите за анализа на параметрите барани во храната треба да се во согласност со ИСО стандардите и да бидат споредбени.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-16026/2
16 октомври 2007 година Министер за здравство,
Скопје д-р **Имер Селмани**, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

1744.

Врз основа на член 184 и 218 став 1 точка в од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005 и 25/2007), Комисијата за хартии од вредност, на својата седница одржана на 03.10.2007 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. На Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје согласно Законот за хартии од вредност му се изрекува мерка: јавно објавување за утврдени неправилности и незаконитости во работењето на депозитарот, затоа што произволно толкувал судска пресуда при што извршил незаконска промена и бришење на ограничување кое било евидентирано кај акционерот Бранислав Јосифовски во акционерската книга на издавачот Екско Трејд АД Скопје.

2. Објавувањето за извршената неправилност и незаконитост ќе се изврши во „Службен весник на Република Македонија“, во еден дневен весник кој излегува на територија на Република Македонија и на веб страницата на Комисијата за хартии од вредност.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Жалбата изјавена против ова решение не го одлага неговото извршување.

Бр. 08-488/21 Комисија за хартии од вредност
3 октомври 2007 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

1745.

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на РМ" бр. 95/2005 и 25/2007), а во врска со член 222 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/2005), претседателот на Комисијата за хартии од вредност, на ден 22.10.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1. Во точка 1 од диспозитивот на Решението број 07-2389/5 од 6.09.2007 година на Комисијата за хартии од вредност за давање дозвола за работа на брокер на лицето Даниела Новеска се врши исправка, при што по кратенката ЕМБГ броевите "11069834789014" се заменуваат со броевите "1106983478014".

2. Во образложението на Решението број 07-2389/5 од 06.09.2007 година на Комисијата за хартии од вредност за давање дозвола за работа на брокер, на првата страна се врши исправка на матичниот број на подносителот на барањето за давање дозвола за работа на брокер, при што броевите " 11069834789014" се заменуваат со броевите "1106983478014".

3. Овој заклучок произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство Решението број 07-2389/5 од 6.09.2007 година на Комисијата за хартии од вредност за давање дозвола за работа на брокер на лицето Даниела Новеска.

4. Овој заклучок ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-2389/7
22 октомври 2007 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1746.

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 63/06 и 36/07), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 29.10.2007 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 28,500
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	до 28,578
- ЕУРОСУПЕР - 95	до 28,656
- ЕУРОСУПЕР - 98	до 29,647
б) Дизел гориво	ден/лит
- Д-Е III	до 32,694
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	до 32,494
г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	до 22,087
- М-2	до 22,067

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	до 67,50
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	до 64,00
- ЕУРОСУПЕР – 95	до 64,50
- ЕУРОСУПЕР – 98	до 65,50
б) Дизел гориво	ден/лит
- Д-Е III	до 57,50
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	до 46,50
г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	до 26,712
- М-2	до 26,688

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
МБ-96 (ПРЕМИУМ)	67,00	66,50	66,00
БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	63,50	63,00	62,50
ЕУРОСУПЕР - 95	64,00	63,50	63,00
ЕУРОСУПЕР - 98	65,00	64,50	64,00
Д-Е III	57,00	56,50	56,00
Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО	46,00	45,50	45,00

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	0,150
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	0,080
- ЕУРОСУПЕР – 95	0,080
- ЕУРОСУПЕР – 98	0,080
б) Дизел гориво	ден/лит
- Д-Е III	0,030
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	0,040
г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	0,050
- М-2	0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- МБ-96 (ПРЕМИУМ)	24,853
- БМБ-91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	21,879
- ЕУРОСУПЕР – 95	22,225
- ЕУРОСУПЕР – 98	22,082
б) Дизел гориво	ден/лит
- Д-Е III	12,305
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ)	3,173
г) Мазут	ден/кг
- М-1 (М)	0,100
- М-2	0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед. мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
МБ - 96 (ПРЕМИУМ)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
БМБ - 91 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОСУПЕР - 95	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОСУПЕР - 98	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Д-Е III	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М - 1	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400
МАЗУТ М - 2	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 30.10.2007 година.

Бр. 02-1667/1
29 октомври 2007 година Претседател,
Скопје **Славе Ивановски,** с.р.

1747.

Врз основа на член 84 став 9 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија„ бр. 63/06 и 36/07) и член 9 од Правилникот за условите, начинот и постапката за стекнување и престанување на својството на квалификуван потрошувач на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 69/06), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 29 октомври 2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СВОЈСТВО НА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Се прогласува за квалификуван потрошувач на електрична енергија ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво – Скопје, со седиште с. Миладиновци п.фах 66, општина Илинден, 1000 Скопје, Република Македонија, со ЕДБ: МК 4030980254845 и матичен број на деловен субјект: 4074009.

2. ОКТА АД – Скопје е потрошувач на електрична енергија приклучен на преносната мрежа преку сопствена ТС Рафинерија - 110/6 kV/kV на 110 kV напонско ниво со далноводи: бр. 145 ТС Скопје 4 – ТС Рафинерија и бр. 177 ТС Куманово 2 – ТС Рафинерија.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.

Бр. 02-1671/1
29 октомври 2007 година Претседател,
Скопје **Славе Ивановски**, с.р.

ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ:

CD-ROM изданија

1) Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година.....600,00 денари

2) Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004, 2005 и DVD за 2006 година.....3.400,00 денари

Цените се со пресметан ДДВ.

П О Р А Ч К А БР. 131

Со ова неотповикливо порачуваме:

CD-ROM изданија:

1) Поединечни CD-ROM изданија во _____ примероци за _____ година;

2) Комплет во _____ примероци (2001 _____; 2002 _____; 2003 _____; 2004 _____, 2005 _____ и DVD за 2006 година _____примероци).

Доказот за извршена уплата и порачката ги испраќаме по пошта.

Порачател: _____

Место: _____, ул. _____, бр. _____, тел./факс _____

Моб. _____

Потпис на порачателот

Во _____, _____2007 година. (М.П.) _____

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622

2007131